**Сугестии за подобри одговори на прашањата од способноста Пишување преку примери на веќе оценувани текстови**

**Пред испитот** :
Пред испитот во рамките на Државна матура, по предметот македонски јазик и литература, треба да се прочитаат сите упатства за реализација на овој дел од матурата. Потребните информации се добиваат на училиште во текот на наставниот процес по овој предмет или се читаат на веб-страницата www.matura.gov.mk. На таа страница има информации за:

- видот на испитот;
- бројот на предметите кои се задолжителни;
- испитните програми по наставните предмети;
- примероци на досега употребувани тестови;
- различни видови формулари.

**Основни правила кои треба да се почитуваат пред да се започне со пишување одговор:**
Во листата основни правила кои треба да се почитуваат пред да се започне со одговор на прашања од способноста Пишување се:

1. Добро, внимателно да се прочита темата на која треба да се пишува.
2. Внимателно да се прочита и да се применува бараната форма за писмено изразување.
3. Внимателно да се прочита и да се одговори на барањето т.е. текстот да биде во целосен со предвидениот број на зборови.
4. Внимателно да се прочитаат насоките за секоја дадена задача за пишување и истите да се употребат во процесот на пишување.

**Пример бр.1**

**Напиши текст на тема:**

„Луѓето не се гладни само за леб, туку и за љубов и за внимание“
Текстот треба да има 300-350 збора.
Во текстот:

- искажи го своето мислење преку конкретни ставови поткрепени со аргументи, почитувајќи ги правилата на стандардниот јазик;
- почитувај ги правилата за обликување на композиција (вовед, главен дел/разработка на проблемот или темата, заклучок) т.е. параграфско средување на текстот;
- опфати го предвидениот број зборови;
- искажувај се со јасни и поврзани мисли, користи аргументи, односно факти и докази.

1. Што е гладта? Каква глад постои? Дали под глад ја подразбираме само човековата потреба за парче леб? Зарем ситиот човек е среќен, зарем тоа е дефиницијата за среќа? (Неопходна е преодна реченица која ќе го поврзе воведот со главниот дел на текстот.)

2. Среќата е релативна работа. Секој човек задоволството го наоѓа во различни работи и се задоволува на различен начин. Но, што повеќе ќе го нахрани секое живо суштество на планетава? Дали кришка леб или пак ронка љубов и внимание? Дефинитивно второто. (Остави можност за личен произнес, не нуди одговори!) Љубовта и вниманието го хранат духот, љубовта и вниманието можат да заменат тони леб бидејќи духовното е она вистинското во животот, тоа (она) без кое човекот не е човек и неговиот живот не е живот. Што се случува со светов? Што се случува со милиони деца низ светов кој (кои) немаат ни парче леб, (па) (камо?) ниту пак (ли) љубов? Дали тие некогаш се среќни? Се е очигледно во погрешна насока. (изгубена смисла!) Наместо планета земја да претставува прекрасно место за живеење ...таа е пре(с)т(в)орена во живеалиште на суштества гладни за пари, мок, суштества кои наместо да помагаат гледаат да ги користат луѓето за остварување (реализирање) на своите цели. (Неопходна е преодна реченица која ќе го поврзе пасусот со општи мислења со дејноста на Мајка Тереза.)
3. Мајка Тереза. Жена која еднаш се раѓа. Жена која барем на еден ден им го промени животот на оние безнадежните, гладните, очајните, оние кои никогаш не почувствувале љубов, внимание, топлина. Малку се луѓето слични на неа бидејќи исти не ни има. (непотребно!) Им се восхитувам на оние кој го оставаат својот живот и одат на друго место каде започнуваат нов само поради хуманоста која ја носат во себе. (Оттука би требало да започне заклучокот.) Како минуваат деновите нашиот свет станува се поизопачен и поизопачен. (понепрепознатлив) Денешниот човек (не) е сигурен (колеблив) во вистинските вредности на животот. (Зар) Има ли нешто поубаво од чувството дека ти си должен за нечија среќа? (Зар) Има ли нешто поубаво од тоа твојата љубов да е онаа која создава сјај во туѓите очи и насмевка на туѓото лице? Секој има потреба од чувства. Тие се есенцијалното во животот. Тие го менуваат човека. (Значи) Запаметете: „Луѓето не се гладни само за леб, туку и за љубов и за внимание“.

| Критериум | коментар за текстот | сугестии за подобрување |
|---|---|---|
| Јазик | - правопис на: се, планета земја, мок, кој (кои);<br>- интрепункција;<br>- синтакса: Недовршени реченици. Усогласување на глаголско време во сложена реченица.<br>- присуство на разговорна лексика | Да се внимава на:<br>- употреба на голема буква, правопис на согласките Ќ и Ѓ;<br>- еднина и множина на кој/кои и слично;<br>Без разлика на индивидуалниот стил да се внимава при формулација на реченица. Реченицата секогаш треба да биде јасно завршена мисла.<br>Примена на збогатен |

| | | |
|---|---|---|
| | | лексички фонд; |
| Композиција | - Вовед: Воведот е многу кус и е без претставување на темата за која ќе се пишува.<br>- Главен дел: Поголемо присуство на општи мислења без наведени аргументи, примери, докази.<br>- Заклучок : Во текстот не се издвојува заклучок како посебна целина.<br>- Во текстот нема преодни реченици, кои би значеле поврзување на деловите на композицијата.<br>- Бројот на зборовите е во дозволената бројка. | Во градење на композиција треба да се внимава на:<br>- Во воведот се претставува темата во 5-6 долги реченици или 7-8 кратки реченици.<br>- Меѓу деловите на композицијата се пишуваат преодни реченици кои ги поврзуваат мислите во текстот.<br>- Главниот дел треба и визуелно и мисловно да биде издвоен од заклучокот.<br>- Воведниот, главниот и заклучниот дел и визуелно и мисловно да бидат издвоени |
| Содржина | На темата е делумно одговорено со повторливи идеи, без цврсти аргументи, без факти како поткрепа.<br>Мислите не се целосно јасно искажани .<br>Во напишаниот одговор не се докрај почитувани поставените барања,насоки за пишување. | Во текстот треба да бидат јасно издвоени главните идеи и истите да бидат покрепени со аргументи и докази.<br>Во текстот се спомнува како аргумент и доказ името на Мајка Тереза но само како споменување, а не и како развивање на аргумент или доказ. |

**Пример бр.2**
**Напиши писмо до пријателот во Загреб со кое ќе го известиш за твојот престој во неговиот град.**

Писмото треба да има 50-60 збора.
Во содржината на писмото внеси ги податоците за:
- целта на твојата посета;
- времето на пристигнувањето;
- должината на престојот.
Внимавај на:
- формата за пишување писмо;
- писмото да биде обликувано со вградување на деловите на композицијата;
- писмото треба да ги содржи податоците за кои го известуваш твојот пријател;
- употребувај ги правилата на стандардниот јазик;
- почитувај го дозволениот број на зборови.

„Здраво Лука,

Имам убава вест после година дена повторно ќе се видиме.
Доаѓам во Загреб на 01.06, на семинарот за фармација. Ке седам точно една недела. Сместена сум во хотелот „Grand“  кој Мислам дека беше токму во твоето маало.

Те барам кога ќе пристигнам!
Одвај чекам да те видам!

Поздрав,

Андријана“

| Критериум | коментар за текстот | сугестии за подобрување |
|---|---|---|
| Јазик | - правопис на: ќ, датуми.<br>- наводници<br>- употреба на голема буква<br>- структура на реченица | Во овој текст треба да се внимава (и) да се подобри формулацијата на реченицата. |
| Композиција | - Делумно визуелно се издвоени трите дела на композицијата.<br>- Одговорено е на поставените барања.<br>- Во формата за пишување писмо горе на десната страна се пишува место и датум;<br>- Последниот допис (поздравот) според македонскиот правопис треба да стои на десната страна. | Трите дела на композицијата би требало да имаат јасно разграничување и визуелно и содржински. |

**Пример бр.3**

**Напиши вест за промоција на новиот училиштен весник.**

Текстот треба да има 40-50 збора.
Веста треба да ги содржи следниве информации:
- наслов на училиш(Т)ниот весник;
- името на промоторите;
- времето и местото на одржување на настанот.

„Повторно нешто ново
Гимназијата ЈБТито повторно со новости

Од овој месец гимназијата Ј.Б.Тито почнува да издава училиш(т)ен весник под името „Верувале или не, тоа се случува во училиште“. Промоцијата ке се одржи оваа сабота 06.06. на градскиот плоштад точно на пладне. Промоторите Миа Марковски и Огнен Петровски ќе зборуваат за содржините и планот на весникот. Бидете таму!“

| Критериум | коментар за текстот | сугестии за подобрување |
|---|---|---|
| Јазик | - правопис на: ќ , датуми;<br>- употреба на голема буква;<br>- структура на реченица;<br>- неправилна употреба на скратеници;<br>- пречекорување на дозволениот број на зборови. | Правилно да се пишуваат согласките ќ и ѓ.<br>Правилно да се употребува голема буква при именување.<br><br>Како се пишува Вест? Одговор на прашањата: КОЈ? КАДЕ? КОГА? ШТО? КАКО? (ЗОШТО?) |

**Потсетување за неколку форми на писмено изразување**:

Во продолжение ќе прочитате две пишани форми на Извештај, на Барање, на Соопштение кои се користат како форми на текстови за практична намена.

**Пример бр. 1**

ИЗВЕШТАЈ

од презентацијата на **Концепцијата за инсталирање водоводни мрежи во населени места**, реализирана во просториите на општина Центар на град Скопје

Од Софија Панова, советник по водостопанство, Сектор за водоводна инфраструктура, Министерство за транспорт и врски.

На ден 30 04 2007 година одржав презентација за новата **Концепција за инсталирање водоводни мрежи во населени места,** реализирана во простириите на општина Центар на град Скопје, на која беа присутни сите потребни чинители. По кратка средба со директорите на водоводните стопанства од Република Македонија на кои им ги предадов потребните материјали (формулари за пријава; насоки за пополнување на формуларите и рекламниот флаер) ја одржав презентацијата пред присутните директори од повеќето градови од Републиката.

По реализираната презентација следеа прашања кои најмногу се однесуваа на статусот на општините и нивното право да се пријавуваат на објавени конкурси.

Од презентацијата и од прашањата и од одговорите произлезе заклучок дека спроведувањето на новата Концепција за инсталирање водоводни мрежи во населени места ќе нема проблеми доколку навремено се одржат потребните семинари со вработените на кои истите ќе бидат информирани за чекорите за пријавување на објавените конкурси.

5 05. 2007
Скопје

Софија Панова
Виш Советник
Сектор за водоводна инфраструктура
МТВ

**Пример бр. 2**

ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДРЖАНИОТ СЕМИНАР ЗА НАСТАВНИЦИ КОИ ПРЕДАВААТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ПО НОВА НАСТАВНА ПРОГРАМА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Во рамките на семинарот со предметните наставници по македонски јазик кои ќе предаваат по нова наставна програма за шесто одделение, кој се одржа на ден 29 08.2008 година во ОУ„Стив Наумов“ во Скопје, се разгледуваа упатствата за новиот начин за тематско процесно планирање на наставната програма.
На семинарот присуствуваа 31 наставник од регион Скопје 2, претставници од училиштата од 6 скопски општини. Со семинарот раководеше одговорниот советник по македонски јазик и литература. Семинарот со работа започна во 9 часот и траеше до 15 часот.
Одејќи по предвидената програма за работа за овој семинар, учесниците се запознаа со:

1. Клучните аспекти на Концепцијата за деветгодишното основно образование и воспитание.
Оваа информација учесниците ја добија преку презенатција и на истите им беше овозможено да поставуваат прашања за презентираните аспекти.

2. Структурата и карактеристиките на новата наставна програма по македонски јазик за шесто одделение.
Во разгледување на оваа информација учесниците работеа во групи со цел да ги извлечат разликите меѓу старата и новата програма. На учесниците им беше нагласена развојната компонента на поставените цели во наставната програма и исто така им беше укажано дека токму таа развојност е основа во планирањето на оценувањето во текот на реализацијата на наставната програма.

3. Дидактичко-методските насоки за организација на новата наставна програма.
Учесниците на семинарот се запознаа со теоретската основа на новите дидактичко-методски насоки со што ја осознаа потребата за менување на пристапот во процесот на планирање на реализацијата на наставната програма. На наставниците им беше предочено дека во реализацијата на наставната програма ќе треба да поврзуваат сродни содржини, да употребуваат различни наставни методи и форми на работа за кои треба да обмислуваат и инструменти за оценување.

4. Тематско процесно планирање.
Наставниците беа ставени во улога да ги планираат тематските подрачја и содржините од наставната програма според добиените упатства. Тие работеа во 6 групи и од секоја група произлезе пробна верзија на тематски процесен план.

Сумарно мислење за реализацијата на семинарот:

На одржаниот семинар сметам дека успеав да ги пренесам сите предвидени теми. Учесниците на почеток од семинарот покажуваа делумна недоверба дека ќе успеат да ги исполнат поставените барања на семинарот. Но, во од' тие го менуваа своето размислување, особено откако се ослободија да поставуваат прашања.
Од добиените пробни верзии на изработените тематски процесни планирања може да се согледа дека тие во голем процент го усвоија новиот начин на планирање на реализацијата на наставната програма.
Најголем проблем за наставниците претставуваше планирањето на оценувањето во рамките на спроведувањето на наставната програма. Тие и гласно ја искажаа потребата од повеќе средби, обуки на тема формативно-сумативно оценување и покрај тоа што некои од нив биле дел од обуки за оценување во рамките на повеќе проекти. Со задоволство се прифати информацијата за планираните месечни средби со одговорните советници за училиштето или за темата која ќе се работи на таа средба.
Препорака што произлегува од овој семинар е дека на наставниците им треба континуирано советување, обука за севкупниот наставен процес.

15 09. 2008 — Соња Петровска
Скопје — советник по македонски јазик и литература
БРО

**Пример бр. 3**

До
Директор на БРО

Б А Р А Њ Е

Предмет: Барање за користење денови од вториот дел од годишниот одмор од 2008 година.

Барње: Од Павлина Дојчиновска, советник по странски јазик од Бирото за развој на образованието. Поради лични потреби.

Ве молам да ми одбрите користење 4 дена од вториот дел од годишниот одмор за 2008 година во период од 22.03 до 27.03.2007 година.

18 03.2007 — Од
Скопје — Павлина Дојчиновска
советник по странски јазик
БРО

**Пример бр. 4**

**СООПШТЕНИЕ**

Во рамките на проектот „Чист град- здрави жители“ во петок 29 06.2009 година во просториите на Министерството за екологија ќе се држи презентација на тема „Сами да го исчистиме нашиот двор“. Во улога на презентери ќе се појават познати стручњаци, еколози, од нашата држава и од странство.

По презентацијата се предвидува и кратка дебата на истата тема во која можат да се вклучат сите заинтересирани слушатели. На прашањата ќе одговара група на експерти составена од домашни и од странски еколози.

Од оваа средба ќе произлезе брошура со највпечатливи прашања, одговори, забелешки и истата ќе се дели бесплатно на фреквентни места во нашиот град.

Презентацијата ќе започне во 17 часот и ќе трае додека има интерес од присутните гости.